Согласно со одредбите од член ___ од Правилникот за работа на Судиската Комисија при Кошаркарската Федерација на Македонија до кошаркарските судии и делегати се доставува овој правилник за соодветниот судиски и делегатски кадар на Р. Македонија.

# ПРАВИЛНИК ЗА СУДИСКИ И ДЕЛЕГАТСКИ КАДАР

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот и критериумите за стекнување на судиско и делегатско звање во кошарката во Р. Македонија, како и начинот и критериумите за стекнување на правото за добивање на звањето кандидат за меѓународен судија, делегат и национален инструктор.

Член 2

Во Р. Македонија постојат следниве судиски звања:
- Помошен кошаркарски судија,
- Кошаркарски судија,
- Регионален кошаркарски судија,
- Државен судија,
- Меѓународен кошаркарски судија

Член 3

ПОМОШЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА

Функцијата помошен судија (Записничар, Помошник записничар, Мерач на време и Мерач на 24 секунди) покрај кошаркарски судија, може да ја обавува и лице кое не е кошаркарски судија, доколку исполнува одредени услови.

За добивање на НАЗИВ и ЛИЦЕНЦА за ПОМОШЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА, кандидатот мора да ги исполнува следниве услови:
- Да е здравствено и психофизички способен (вид, слух...), што се докажува со лекарско уверение од специјализирана установа за спортска медицина,
- Задолжително учество на семинар (обука) со положен завршен тест од познавање на службените кошаркарски правила, водење на службен записник, работа на семафор и работа на 24 секунди, организирано од страна на Судиските Комисии на Градските одбори.

Пријавувањето на заинтересирани лица за семинарот и полагање за лиценца за ПОМОШЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА, може да биде индивидуално или преку кошаркарски клуб и тоа кај Судиската комисија од истоимениот град. Доколку во тој град нема Судиска Комисија, пријавувањето за полагање се доставува кај Судиската Комисија од најблискиот град, а ако и таа не постои тогаш до Судиската Комисија при КФМ, која според годишниот план и програмата за работа предвидува одржување на ваков семинар и полагање за лиценца.

Одредување на ПОМОШНИТЕ СУДИИ за натпреварите од младинските, односно сениорските лиги го вршат Судиските Комисии на градските одбори.

Услов за одредување на помошни судии е подмирена годишна членарина претходно утврдена од страна на Судиската Комисија при КФМ.

Член 4

КОШАРКАРСКИ СУДИЈА

Заинтересираните кандидати на возраст од 16 до 26 години по претходна стручна подготовка (СЕМИНАР, ОБУКА) полагаат испит пред Судиската комисија на градските одбори.

Услов за појавување на испитот е приложување на лекарско уверение издадено само од институциите: Спортска медицина или Институт за физиологија и слична специјализирана установа за спортска медицина.

Испитот за назив КОШАРКАРСКИ СУДИЈА се состои од:

- Полагање тест од познавање на службените кошаркарски правила и механика на кошаркарското судење и
- Тест за проверка на физичката подготвеност.

Со добивање на звањето КОШАРКАРСКИ СУДИЈА во период од две години овој судија може да ги суди следниве натпревари:

- Сите младински натпревари во организација на КФМ во машка и женска конкуренција. мали олимписки игри за основни и средни училишта, други лиги со одобрение на УО на КФМ,

По завршувањето на циклусот од две години КОШАРКАРСКИТЕ СУДИИ кои постигнале забележителни резултати во судењето и се придржуваат кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА, се стекнуваат со право да полагаат за повисок ранг или за РЕГИОНАЛЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА.

Судиската Комисија на градскиот одбор може да даде препорака до Судиската Комисија на КФМ, доколку се работи за талентиран и успешен кошаркарски судија да му се овозможи полагање за повисок ранг и по истекот на првата година од судењето.

Член 5

РЕГИОНАЛЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА

По задолжителното судење во младинските лиги од период кој не е помал од една година, на кошаркарскиот судија, кој покажал забележителни резултати во судењето во младинските лиги по мислење на Судиските Комисии на градските одбори и се придржува кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА, ќе му се овозможува полагање за повисок ранг, односно за РЕГИОНАЛЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА.

Испитот за полагање за овој ранг го организира Судиската Комисија на Кошаркарската Федерација на Македонија, а се состои од:

- Тест од познавање на службените кошаркарски правила и механиката на кошаркарското судење,
- Тест за проверка на физичката подготвеност и
- Судење на натпревар од најквалитетните младински или сениорски кошаркарски лиги.

Со стекнување на називот РЕГИОНАЛЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА, овие кошаркарски судии во период кој не помал од една година ги судат сите натпревари кои ги судат кошаркарските судии со ранг - кошаркарски судија, потоа натепреварите од втората сениорска лига во машка конкуренција и првата сениорска лига во женска конкуренција, како и натпреварите од универзитетските лиги.

По завршувањето на циклусот од две години РЕГИОНАЛНИТЕ КОШАРКАРСКИ СУДИИ кои постигнале забележителни резултати во судењето се стекнуваат со право да полагаат за повисок ранг или за ДРЖАВЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА.

Судиската Комисија на КФМ во соработка со нејзините работни тела (следење и развој на млади кошаркарски судии) доколку се работи за талентиран и успешен регионален кошаркарски судија може да му овозможи полагање за повисок ранг и по истекот на првата година од судењето.

Член 6

ДРЖАВЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА

По задолжителното судење во период кој не е помал од една година на натпревари од втората машка и првата женска лига, на регионалниот кошаркарски судија, Судиската Комисија на Кошаркарската Федерација на Македонија ќе му овозможи полагање на испит за ранг државен кошаркарски судија доколку покажал успешно судење, не е постар од 30 години и се придржува кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Испитот за полагање за овој ранг се состои од:

- Тест од познавање на службените кошаркарски правила и механиката на кошаркарското судење,
- Тест за проверка на физичката подготвеност и
- Судење на натпревар од најквалитетните сениорски кошаркарски лиги во организација на КФМ.

Кандидатите кои го положиле испитот за ДРЖАВЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА, можат да ги судат сите натпревари во организација на КФМ.

По завршувањето на циклусот од задолжителни (НАЈМАЛКУ) две години **континуирано судење** и покажаниот успех во истото во најквалитетната машка лига (Прва лига) организирана од КФМ, ДРЖАВНИТЕ КОШАРКАРСКИ СУДИИ се стекнуваат со право да бидат КАНДИДАТИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ КОШАРКАРСКИ СУДИИ.

Член 7

КАНДИДАТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН КОШАРКАРСКИ СУДИЈА

Судиската Комисија на КФМ или нејзина Комисија (составена од меѓународни судии и делегати) предлага кандидат за меѓународен судија, ако:

- Успешно, континуирано судел во најквалитетната сениорска машка лига најмалку две години,
- Одлично го познава англискиот јазик,
- Ако е на возраст од 25 до 35 години,
- Се придржуваат кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Крајната листа за кандидати за меѓународен кошаркарски судија ја предлага меѓународниот национален инструктор во соработка со Судиската Комисија при КФМ, а ја верификува Управниот одбор на КФМ.

Член 8

Во Р. Македонија постојат следниве кошаркарски делегатски звања:

- Делегат,
- Делегат - Контролор,
- Делегат - Набљудувач,
- Меѓународен делегат,
- Меѓународен национален инструктор.

Член 9

КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ

Функцијата КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ, покрај лице кое било поранешен кошаркарски судија, може да ја обавува и лице кое било поранешен истакнат кошаркар(ка), како и докажан спортски кошаркарски работник, но само доколку ги исполнува следниве услови:

1. Не постар од 55 години,
2. Да помине низ претходна стручна подготовка (СЕМИНАР, ОБУКА) и
3. Да положи испит пред Комисија составена од Судиската Комисија при КФМ,
4. Се придржува кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Испитот за звање КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ се состои од:

- Полагање тест од познавање на службените кошаркарски правила и механика на кошаркарското судење,
- Тест од познавање на пропозициите за натпреварување во кошаркарската игра одредени од страна на Управниот одбор при КФМ и ФИБА,
- Описно оценување на судењето на кошаркарските судии на еден натпревар.

Функцијата КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ може да ја вршат само оние лица кои ги исполниле горенаведените услови, а оваа функција ќе можат да ја вршат на сите натпревари (младински и сениорски) во организација на КФМ, во зависност од нивната рангираност од страна на Судиската комисија при КФМ.

Нивна основна одговорност и должност е пропишана со членовите 42.4 и 42.8 од ПРОПОЗИЦИИТЕ за натпреварување при КФМ.

Во однос на кошаркарското судење КОШАРКАРСКИТЕ ДЕЛЕГАТИ задолжително даваат писмено мислење за кошаркарското судењето.

Член 10

КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ - КОНТРОЛОР

Функцијата КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ - КОНТРОЛОР, може да ја извршуваат само лица кои имаат стаж од минимум две години како кошаркарски делегат или се поранешни кошаркарски државни или меѓународни судии кои по престанок на активното судење по основ на старост или по лична желба ги исполнуваат следниве услови:

1. Да не се постари од 55 години,
2. Да поминат низ претходна стручна подготовка (СЕМИНАР, ОБУКА),
3. Да положат испит пред Комисија составена од Судиската Комисија при КФМ,
4. Се придржуваат кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Испитот за звање КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ - КОНТРОЛОР се состои од:

- Полагање тест од познавање на службените кошаркарски правила и механика на кошаркарското судење,
- Тест од познавање на пропозициите за натпреварување во кошаркарската игра одредени од страна на управниот одбор при КФМ и ФИБА,
- Бројчано и описно оценување со посебни забелешки за начинот на судењето на кошаркарските судии на еден натпревар.

Нивната основна должност и одговорност е иста како и за обавување на функцијата - кошаркарски делегат.

Во однос на кошаркарското судење КОШАРКАРСКИТЕ ДЕЛЕГАТИ - КОНТРОЛОРИ задолжително даваат покрај писмено мислење за судењето и бројчана оценка (контрола), која е основа за рангирање на кошаркарските судии.

Член 11

КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ - НАБЉУДУВАЧ

Должност на КОШАРКАРСКИОТ ДЕЛЕГАТ - НАБЉУДУВАЧ е контрола на работата на кошаркарските судии на еден натпревар.

Функцијата КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ - НАБЉУДУВАЧ, може да ја обавува секој меѓународен делегат, како и лица кои ги исполнуваат следниве услови:

1. Имаат стаж минимум од три години како кошаркарски делегат - контролор,
2. Да поминат низ претходна стручна подготовка (СЕМИНАР, ОБУКА),
3. Да положат испит пред Комисија составена од Судиската Комисија при КФМ,
4. Се придржуваат кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Испитот за звање КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ - НАБЉУДУВАЧ се состои од:

- Полагање тест од познавање на службените кошаркарски правила и механика на кошаркарското судење,
- Тест од познавање на пропозициите за натпреварување во кошаркарската игра одредени од страна на Управниот одбор при КФМ и ФИБА,
- Бројчано и описно оценување со детален извештај за извршувањето на задачите на судиите на одреден натпревар.

Во однос на кошаркарското судење КОШАРКАРСКИТЕ ДЕЛЕГАТИ - НАБЉУДУВАЧИ не се наогаат во состав на определените службени лица на кошаркарскиот терен и на записничката маса, туку должноста ја обавуваат од прегледно место на трибините. Истите задолжително даваат покрај писмено мислење и бројчана оценка (контрола) за работата на кошаркарските судии на одреден натпревар. Нивната бројчана оценка за судењето може да се користи и за споредба со оценката на делегатот - контролор делегиран за истиот натпревар.

Член 12

КАНДИДАТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН КОШАРКАРСКИ ДЕЛЕГАТ

По престанокот со активното судење меѓународниот судија автоматски се стекнува со право за полагање за меѓународен делегат, но само ако ги исполнува условите пропишани од страна на Судиската комисија при КФМ од став 2 на овој член.

Судиската Комисија на Кошаркарската Федерација на Македонија или нејзина Комисија (составена од меѓународни судии и делегати) може да предложи и кандидати за меѓународни делегати, ако ги исполнуваат следниве услови:

- Со успех континуирано ја обавувале функцијата меѓународен судија, делегат - контролор или делегат - набљудувач во младинските и сениорските лиги организирани од КФМ, најмалку пет години,
- Одлично го познаваат англискиот јазик,
- Не се постари од 55 години,
- Се придржуваат кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Крајната листа за кандидати за меѓународен кошаркарски делегат ја предлага Судиската Комисија при КФМ, а ја верификува Управниот одбор на КФМ.

Член 13

КАНДИДАТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН НАЦИОНАЛЕН ИНСТРУКТОР

Судиската Комисија на Кошаркарската Федерација на Македонија или нејзина Комисија (составена од меѓународни судии и делегати) предлага кандидат за меѓународен национален инструктор, ако ги исполнува следниве услови:

- Успешно, континуирано ја обавувал функцијата меѓународен кошаркарски судија или делегат, како и делегат - контролор и делегат - набљудувач, посебно во сениорските лиги најмалку десет години,
- Одлично го познава англискиот јазик,
- Не е постар од 55 години,
- Се придржува кон правилникот, кодексот на однесување и други документи донесени од страна на Судиската Комисија при КФМ, КФМ и ФИБА.

Кандидатот за меѓународен национален инструктор во однос на кошаркарското судење и функцијата делегат, делегат - контролор, делегат - набљудувач, мора да е активен во следењето, подготовката и стручното усовршување на кошаркарските судии и делегати.

Кандидатот за меѓународен национален инструктор го предложува Судиската Комисија при КФМ, а го верификува Управниот одбор на КФМ, според постигнатиот успех и рангирањето извршено при полагањето за кандидат - меѓународен национален инструктор.

Член 14

Толкувањето на овој правилник го дава Судиската Комисија на кошаркарски судии и делегати при КФМ. Сите прашања кои не се регулирани со овој правилник ќе се решаваат согласно актите на КФМ и правилата на Меѓународната кошаркарска федерација (ФИБА).

Член 15

Овој правилник стапува на сила од денот на изгласувањето на истиот од страна на Судиската комисија на кошаркарски судии и делегати при КФМ.

Судиска комисија на КФМ
Петар Денковски
претседател